**ВЕЧЕРВА НА МАЈСКИТЕ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ**

# ПРЕМИЕРА НА БАЛЕТОТ „МАНСАРДА“

**● ЕКИПАТА ШТО УЧЕСТВУВАШЕ ВО ПОДГОТВУВА-
ЊЕТО НА ОВОЈ НАЈНОВ ПРОЕКТ НА БАЛЕТОТ НА
МНТ ЈА СОЧИНУВААТ ГОСТИТЕ: БРАНКО БРЕЗОВЕЦ
– РЕЖИСЕР И АВТОР НА ЛИБРЕТОТО, АНГЕЛИНА АТ-
ЛАГИЌ-КОСТИМОГРАФ И ДАРКО ФРИЦ-СЦЕНО-
ГРАФ, КАКО И ДОМАШНИТЕ АВТОРИ ЈАГОДА СЛА-
НЕВА – КОРЕОГРАФ И ЗЛАТКО ОРИЃАНСКИ – КОМ-
ПОЗИТОР**

Вечерва на програмата на Мајските оперски вечери е балетска претстава и тоа премиерата на најновиот проект на Балетот на МНТ – „Мансарда“. Во подготвувањето на оваа претстава беше вклучена поголема екипа автори почнувајќи од гостите – режисерот и авторот на либретото Бранко Брезовец, па костимографот од Белград, Ангелина Атлагиќ и сценографот од Загреб, а моментно со постојано место на живеење и работење – Амстердам, како и двајцата домашни – Јагода Сланева – кореограф и Златко Ориѓански – композитор.

**– „Мансарда“ е актуелна претстава, за денешницата, за она што ни се случува на нашиов простор. Во центарот на претставата е едно семејство кое постојано го менува местото на живеење, постојано од некаде заминува, но без конкретна нагласка дали го напушта својот град или пак се подготвува да дојде во него. Всушност, ваквата концепција е поврзана со една интересна идеја-од Македонија сè досега секогаш само се заминувало, а со сегашнава актуелна политичка состојба за првпат некој бега овде, во Македонија. Сето ова се игра на музика, многу интимна со фолк и рок примеси, во сценографија претежно базирана на светлосни ефекти и во интересно осмислени костими – рече на вчерашната прес конференција директорот на Балетот, Александар Хаџиманов.**

Главните улоги во претставата им се доверени на: Тања Вуисиќ, Горан Божинов, Маја Јовановска, Зоран Велевски, Ели Спасевска, Катерина Кипровска и Александра Георгиевска.

**Г. К.**

Вечер 18.5.93 стр. 10